Бр./Nr 12-310/7
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава, заведена под број 12-9619/1, против лицето ---------------------------------------, која се сомнева дека спротивно на закон се вработила во Централен Регистар на РСМ и незаконски засновала работен однос на работното место Раководител на ЦРМ во ------------- со несоодветно образование и недоволно работно искуство во струката на работното место во јавен сектор, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради тоа што постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-9619/1 од 15.12.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 15.12.2022 година, до ДКСК доставена е пријава од страна на непознат подносител, против лицето ------------------------------, која е вработена во Централен Регистар на РСМ. Подносителот во пријавата наведува дека горенаведеното лице незаконски засновал работен однос на работното место Раководител на ЦРМ во --------------. со несоодветно образование и недоволно работно искуство во струката на работното место во јавен сектор.

Подносителот во пријавата наведува дека на 21.11.2022 година ЦРМ на РСМ објавил Јавен оглас со број ----/-------- за вработување на два извршители и тоа за работното место Одговорно лице за работење на РРК ----------- и за работното место Советник за правни работи во Одделение за правни работи. Наводите во пријавата се однесуваат за првото работно место за кое се барало завршено високо образование по Правни и Економски

науки со најмалку 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование, најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК на 19.12.2023 година се обрати до Државниот инспекторат за труд со барање за вршење на инспекциски надзор во Централен Регистар на РСМ и побара да ја извести Комисијата за констираните наоди од фактичката состојба. Имајќи предвид дека на предвидениот законски рок не доби одговор по барањето за податоци, ДКСК на 22.01.2024 година се обрати со Ургенција по барање за доставување на информации. На 09.02.2024 година ДКСК прими Известување со бр.------------ од Државниот инспекторат за труд, во прилог на кој доставиле Записник за извршен инспекциски надзор со ИП број ------------- од 17.01.2024 година. Во Известувањето на ДИТ е наведено дека врз основа на утврдената фактичка сосотојба при надзорот кој се извршил во Централен Регистар на РСМ, работодавачот во постапката за пополнување на работното место Раководител на РРК --------------, немал на увид доказ за потребното работно искуство од институцијата во која работел кандидатот ----------------------------------------, со кој доказ би се докажал потребното работно искуство во струката кое се бара за работното место. Иако согласно Јавниот Оглас број ---/---------- ваквиот доказ се барал од кандидатот на пријавата, кандидатот -------------------------------------------- таков доказ не доставила, а трочлена комисија формирана од страна на директорот, во состав на ----------------------------раководител на човечки реурси –претседател, ------------------------Советник за човечки ресурси –член и ---------------------- раководител на сектор за водење на регистри-член, во Извештајот бр.---------/-- од 28.11.2022 година, утврдила дека е доставен доказ за работно искуство , со што му овозможила на кандидатот ------------------------------------ да заснова работен однос на неопределено време на работното место раководител на РРК ----------, без да се утврди дали именуваната во целост го исполнува посебниот услов за работно искуство во струката, предвиден за работното место. Во Известувањето од ДИТ е наведено дека за утврдената фактичка состојба при надзорот, писмено го известиле и Основното јавно обвинителство во Скопје.

Имајќи го во предвид горенавденото, на 27.03.2024 година ДКСК повторно се обрати до Државниот инспекторат за труд, од каде побара да доставаат копија од примерокот од писменото/дописот со кој е известено Основното јавно обвинителство во Скопје за предметниот случај и наодите од фактичка состојба констатирана од страна на Државниот инспекторат за труд во Записникот со нивен број ИП1 број ------------- од 17.01.2024 година, изработен од државен инспектор -------------------------------. На 27.03.2024 година истото барање ДКСК го постави и испрати и до Основното јавно обвинителство во Скопје.

На 12.04.2024 година ДКСК прими Одговор на барање за доставување на информации од Државниот инспекторат за труд, во прилог на кое доставиле Известување со бр.----------- од 29.02.2024 година испратено до Основното јавно обвинителство во Скопје.

Исто така на 09.05.2024 година ДКСК прими Одговор на барање за доставување на информации од Основното јавно обвинителство во Скопје, во кое е наведено дека ОЈО Скопје нема да поведе кривична пријава бидејќи во настанот не се содржани обележја на кривично дело кое се гони по службена должност.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај поради тоа што постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: С.Д, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk